Друштво за производство на јаглероден двооксид ГЕЛИ ДОО
бр. 03071/1
01.01.2015 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство трговија и услуги Звонко Ристески и други ДОО увоз-извоз ГЕОСОНДА
бр. 02-10871/1
01.01.2015 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈИШТЕ

Склучен на ден 01.01.2015 година помеѓу:

Друштво за производство, трговија и услуги ГЕОСОНДА Звонко Ристески и други ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.Мечкин Камен бр.7 Скопје-Ѓорче Петров, ЕМБС 5093694 ЕДБ: 4030992127130, застапувано од овластеното лице-Управителот Звонко Ристески од Скопје, ул.Мечкин Камен бр.7 Скопје-Ѓорче Петров, ЕМБГ 3103962450096, во понатамошниот текст правно лице на кое се врши пренос на правото на користење на земјоделско земјиште, во понатамошниот текст како закуподавач, и

Друштво за производство на јаглероден двооксид ГЕЛИ ДОО Скопје, со седиште на ул.Мечкин Камен бр.7 Скопје-Ѓорче Петров, ЕМБС 5568765, ЕДБ: 4030001427432, застапувано од овластеното лице-Управителот Здравко Ристески од Скопје, ул.Мечкин Камен бр.7 Оризари-Ѓорче Петров, ЕМБГ 1111960450000, во понатамошниот текст како закупец.

## чл.1

Закуподавачот е сопственик на земјиште и тоа:
1/48 идеални делови од земјоделско земјиште запишано во Имотен лист број 211 за КО Егри како:

- КП.бр.1249, викано место Егри, катастарска култура 11000 класа 2 со површина од 3345 м2, со право на сопственост 831;

Земјиште запишано во Имотен лист број 235 за КО Егри како:

- КП.бр.634, викано место Могила, катастарска култура гз гиз, со површина од 6710 м2, со право на сопственост;
- КП.бр.634, викано место Могила, катастарска култура гз зпз1, со површина од 437 м2, со право на сопственост;
- КП.бр.634, викано место Могила, катастарска култура гз зпз2, со површина од 721 м2, со право на сопственост;
- КП.бр.634, викано место Могила, катастарска култура гз зпз3, со површина од 20 м2, со право на сопственост;

5/91 идеални делови од земјоделско земјиште запишано во Имотен лист број 340 за КО Егри како:

- КП.бр.938, викано место Слатина, катастарска култура зз н, класа 2 со површина од 4679 м2, со право на сопственост-сосопственост;

## чл.2

Со овој договор, закуподавачот му издава на закупецот дел од понапред наведеното земјоделско земјиште и тоа:

- 50/3354 идеални делови односно 50 м2 од земјиштето КП.бр.1249 (која има вкупна површина од 3354 м2) запишано во Имотен лист број 211 за КО Егри;
- 1/158 идеални делови односно 50 м2 од земјиштето КП.бр.634 (која има вкупна површина од 7.888 м2) запишано во Имотен лист број 235 за КО Егри;
- 1/91 идеални делови односно 51 м2 од земјиштето КП.бр.938 (која има вкупна површина од 4679 м2) запишано во Имотен лист број 340 за КО Егри.

чл.3

Закупниот однос е долготраен и се склучува на определено време со почеток на закупот од 01.01.2015 год. а ќе важи до 23.10.2029 година, со можност за продолжување за уште еден период од 26 години.

чл.4

Закупот се склучува со плаќање на закупнина која ќе изнесува по 3.000 денари годишно, која закупецот е должен да ја плаќа на закуподавачот однапред за секоја година а најдоцна до крајот на месец јануари.

чл.5

Земјиштето се издава на закупецот заради вршење на концесија за експлоатација на експлоатационите бушотини дефинирани според координати и коти на бушотини согласно Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени изработен од Друштвото за геодетски работи, премер, трговија и услуги ГЕОПРОЕКТ-ПРЕМЕР ДООЕЛ Битола со Деловоден број: 07-146/3 од 23.09.2013 год.

чл.6

Закупецот не смее да го издава земјиштето во подзкуп.

чл.7

Врз имотот кој е предмет на закуп на КП 634 во Имотен лист број 235 КО Егри Комерцијална банка АД Скопје има заведено хипотека со ОДУ бр.274/09 од 13.04.2009 година и ОДУ бр.428/2006 од 20.09.2006 година.
Двете договорни страни се согласни во случај на реализација при прв повик на Банката во рок од 30 дена да го раскинат договорот за закуп.

чл.8

Овој договор закуподавачот може еднострано да го раскине со изјава доколку закупецот:

- не ја плаќа закупнината според договорот;
- не го користи земјиштето согласно намената за кое е дадено;
- го користи земјиштето спротивно на договорот;
- го користи земјиштето спротивно на закон;
- го издаде земјиштето во подзакуп;
- во случај на реализација на заложното право.

Во случај на раскинување на договорот, закупецот е должен да го предаде во владение земјиштето во рок не подолг од една година од денот на доставувањето на изјавата за раскинувањето на договорот.

чл.9

Овој договор престанува да важи во следните случаи:

- со истекот на рокот за кој е склучен овој договор;
- спогодбено помеѓу договорните страни;
- раскинување на договорот за концесија на втората договорна страна;
- со отворање на стечајна постапка над закупецот;
- со отворање на ликвидациона постапка над закупецот;

- со бришење на некоја од договорните страни од трговскиот регистар;
- во случај на реализација на заложното право;
- во други случаи утврдени со закон.

чл.10

Договорните страни се согласни споровите настанати со примената на овој договор да ги разрешат спогодбено.
Во случај спорот да не може да се разреши спогодбено, страните за месно надлежен суд го определуваат надлежниот суд во Скопје.

чл.11

Закупецот по заверката е должен да достави примерок од договорот до Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности во Битола заради негово прибележување..

чл.12

Составен дел на овој договор е Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени изработен од Друштвото за геодетски работи, премер, трговија и услуги ГЕОПРОЕКТ-ПРЕМЕР ДООЕЛ Битола со Деловоден број: 07-146/3 од 23.09.2013 год.

чл.13

Овој договор е составен во четири идентични примероци од кои по еден за секоја договорна страна, еден за потребите за неговата заверка пред Нотар и еден за потребите за негово прибележување на правото на користење во катастарот за недвижности односо АКН-ОКН Битола.

чл.14

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на договорните страни и неговата заверка пред Нотар.

З а к у п е ц

З а к у п о д а в а ч ,

Јас, НОТАР ВЕСЕЛИНКА ДЕРЕБАНОВА-КРСТЕВСКА за подрачјето на Основниот суд во Битола

Потврдувам дека ГЕОСОНДА ДОО ул.„Мечкин Камен“ бр.7 , Ѓорче Петров, Скопје застапувано од управителот Ристески Звонко ул.„Мечкин Камен“ бр.7 Скопје - Ѓорче Петров и ГЕЛИ ДОО ул.„Мечкин Камен“ бр.7, Скопје-Ѓорче Петров застапувано од управителот Ристески Здравко ул.Мечкин Камен бр.9 Скопје - Ѓорче Петров во мое присуство го признаа потписот на писменото за свој

Идентитетот на подносителот на исправата го утврдив врз основа на лична карта бр.А1152638 МВР Скопје и лична карта бр.А0262417 МВР Скопје

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл.63 став 4 од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 од Законот за судски такси во износ од 200,00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 400,00 денари.

Број УЗП 667/15

Во Битола 06.02.2015

Нотар

ВЕСЕЛИНКА ДЕРЕБАНОВА-КРСТЕВСКА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во Битола НОТАР ВЕСЕЛИНКА ДЕРЕБАНОВА -КРСТЕВСКА БИТОЛА

Јас, НОТАР ВЕСЕЛИНКА ДЕРЕБАНОВА-КРСТЕВСКА за подрачјето на Основниот суд Битола, со седиште на ул.Јосиф Христовски згр.Грозд ламела 5

Потврдувам дека ова е препис на изворната исправа Договор за закуп на земјоделско земјиште УЗП р.бр.667/2015 од 06.02.2015 година заверен од Нотар Веселинка Деребанова Крстевска од Битола

Напишан е со други механички средства (фотокопија), кој има 4 страници.

Изворната исправа се наоѓа во мојата архива а побара препис Здравко Ристески ул.„Мечкин Камен“ бр.7, Скопје - Ѓорче Петров

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 6 од Законот за судски такси во износ од 200.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 240.00 денари.

Број УЗП 4557/2018

Во Битола 23-08-2018

Нотар

ВЕСЕЛИНКА ДЕРЕБАНОВА-КРСТЕВСКА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во Битола НОТАР ВЕСЕЛИНКА ДЕРЕБАНОВА -КРСТЕВСКА БИТОЛА

Арх.бр.03-810-3626/1/02.02.2015

комерцијална банка ад скопје

**ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ**

Комерцијална Банка АД Скопје како заложен доверител има засновано заложно право – со кој е обезбедено побарување Друштво за производство, трговија и услуги ГЕОСОНДА Звонко Ристески и други ДОО увоз-извоз Скопје,е како должник заложен должник врз заложената недвижност сопственост на **Друштво** со Договор за залог потврден од Нотар Веселинка Деребанова Крстевска со ОДУ бр. 428/2006 од 20.09.2006 година изменет со Анекс кон Договор за залог потврден од Нотар Зорица Пулејкова со Оду бр. 274/09 од 13.04.2009 година и тоа:
**Земјиште на КП**.бр.634 запишано во Имотен лист број 235 за КО Егри

Комерцијална Банка АД Скопје како заложен доверител СОГЛАСНА Е дел од **заложената недвижност и тоа** (1/158 идеални делови односно 50 м2 од земјиштето КП.бр.634 запишано во Имотен лист број 235 за КО Егри ), да се издаде под закуп ( за период од 01.01.2015 до 23.01.2029 г. со можност за продолжување за уште 26 години) **заедно со заснованото и запишано заложно право** ОДУ бр. 428/2006 од 20.09.2006 година и Оду бр. 274/09 од 13.04.2009 година.

**Во случај на реализација на заложното право склучениот Договор за закуп нема правно дејство спрема Заложниот.доверител.**

**Оваа согласност има правно дејство само како прилог**, Друштво за производство, трговија и услуги ГЕОСОНДА Звонко Ристески и други ДОО увоз-извоз Скопје **како закуподавец и** Друштво за производство на јаглероден двооксид ГЕЛИ ДОО Скопје како закупец.

СЕКТОР ЗА КРЕДИРАЊЕ НА СТОПАНСТВО

Дирекција за кредитирање на

индустрија

Директор

Б.Хаџи-Велкова

Службеник

Д.Станковска

**СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ НАПЛАТА ПРОБЛЕМАТИЧНИ КРЕДИТИ УПРАВУВАЊЕ**

**Дирекција за правни работи**

**Директор**
**В.Мицајкова**

**Шеф**

**Ц.Михаилова**